# КУЛИМАН ИСПАДНА




*Кулиман испадна*
*поле да рашети*
*сарајкинској место,*
*кроицелској поле.*
*Таму ми најделе*
*до тримина Геги*
*Геги јаничари.*

*– „Ој бре, вие Геги,*
*Геги јаничари,*
*што палате тука*
*вие да ’и пасите*
*сиромашки седби?“*
*– „Ој бре Кулимане,*
*ѓафир ѓаурче,*
*ти не си кадија*
*наска да нѐ судиш,*
*туку си кумита*
*планини да шеташ.*

*– Ој бре, вие Геги,*
*Геги јаничари,*
*ја елајте тука*
*јаска да ве суда*
*по комитска судба!“*

Ѓорѓи Доневски. Сокол ми лета високо. Скопје, 1978

*Прва пушка пукна,*
*ѓакчето го удри;*
*втора пушка пукна,*
*ѓакчето го удри;*
*трета пушка пукна,*
*овчарот ми падна.*

Ѓорѓи Доневски. Сокол ми лета високо. Скопје, 1978